Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за јавна администрација
Ministria e administratës publike
Бр. - Nr 16-2392/14
06.07.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 16-2329/14
06.07 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

Врз основа на член 28 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 294/21 и 101/25) и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 122/2020), Министерот за јавна администрација, ја донесе следната

## ПРОЦЕДУРА ЗА ПРАВОТО НА ПРИСТАП И ИСПРАВКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

### Член 1

Со оваа Процедура се пропишува начинот на постапување при приемот, прегледувањето и распоредувањето на предметите што ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектите на личните податоци.

### Член 2

Субјектот на личните податоци во барањето за пристап и исправка до личните податоци има право да бара одговор на следното:

- дали се врши обработка на личните податоци на субејктот на личните податоци;
- за целите и правната основа на обработката на личните податоци и корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци;
- за личните податоци во врска со субјектот на личните податоци и изворот на податоци, за логиката на автоматизирана обработка, во случај на одлука донесена врз автоматска обработка, која има влијание врз субјектот на лични податоци, задолжителноста на давањата на одговорите на прашањата;
- можните последици ако не се даде одговор и постоењето на право на пристап и право на исправка на неговите лични податоци.

Контролорот на збирка на лични податоци е должен да одговори на субјектот на личните податоци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Образецот на Барањето за правото на пристап и исправка до личните податоци е составен дел на оваа процедура (Образец бр. 1).

### Член 3

Приемот на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци од страна на субјектите на личните податоци се врши во

архивата на Министерството за јавна администрација (во натамошниот текст: министерството), односно приемот го врши овластеното службено лице за работите за канцелариско и архивско работење во министерството, (во натамошниот текст – архивар).

**Член 4**

По заведувањето на сите предмети кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци од страна на субјектите на личните податоци, се доставуваат за работа до административниот службеник кој работи на одговор на овие барања на субјектите на лични податоци во министерството.

Доставувањето на предметите што ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се врши преку интерната доставна книга на министерството.

**Член 5**

Примањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци за работа административниот службеник кој го работи предметот го потврдува со ставање на дата и потпис во рубриките 5 и 6 од интерната доставна книга.

**Член 6**

Испраќањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се врши преку архивата на министерството, преку пошта.

**Член 7**

Предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се чуваат заклучени во соодветни ормари, до кои пристап и дозвола да се користат има само архиварот во министерството.

**Член 8**

За архивирање на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци се применуваат прописите за архивски и документарен материјал.

**Член 9**

Оваа процедура стапува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето.

Министер за јавна администрација
Горан Минчев

Образец бр. 1

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП И ИСПРАВКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**1. Јас ________________________ како субјект на личните податоци, барам од контролорот на Збирка на лични податоци во архивата на Министерството за јавна администрација, да ме информира за следново:**

- дали се врши обработка на мои лични податоци;
- за целите и правната основа на обработката на личните податоци
- корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат моите лични податоци
- за видот на личните податоци и кој е изворот за истите
- за логиката на автоматизирана обработка, во случај на одлука донесена врз автоматска обработка, која има влијание врз мене.

**Одговорот во врска со точката 1 од ова барање може да ми биде доставен на:**

**-адреса:** ________________________________________________________

**или и-маил адреса:** _________________________________________________.

**Датум:** ____________________ **Барател:** ____________________

**2. Јас ________________________ како субјект на личните податоци, барам од контролорот __________________________ да го дополни, измени, избрише или сопре користењето на моите лични податоци и тоа:**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

_____________________________________________________

**Одговорот во врска со точката 1 од ова барање може да ми биде доставен на:**

**-адреса:** ________________________________________________________

**или и-маил адреса:** _________________________________________________.

**Датум:** ____________________ **Барател:** ____________________